MULTIHEM

PRIVATE LABEL DETERGENTS



ISO

22241-1



# ПРОФИЛ НА КОМПАНИЈАТА

Мултихем е компанија со средна големина, формирана во 2002 година, лоцирана во Струмица, Р.С. Македонија. Уште на почетокот компанијата е целосно специјализирана за производство на течни детергенти за чистење како Приватни Марки (Private Label-Прајвет Лејбл) на клиенти повеќето базирани во поранешниот Југословенски регион. Компанијата продолжува со проширување на францускиот, рускиот, исландскиот пазар. Клиентите се ланци на супермаркети и дистрибутерски копании.

Мултихем е опремен со специјализиран производствен капацитет, со модерна опрема, лабораторија и складишен простор со капацитет за производство на различни производи и пакувања. Ефикасниот производствен капацитет комбиниран со значително ниски цени на локални ресурси и работна рака отколку во странските пазари, ни овозможува да продаваме по конкурентни цени. Преку годините компанијата покажа раст во обем, продажба и стабилна финансиска позиција.

Уште од првиот ден на оперирање, Мултихем цели кон производство на високо квалитетни производи и нуди високо квалитетни услуги на своите клиенти. Поради нашите квалитетни производи, флексибилност, веродостојност, чесност, почит кон околината, успеавме да ја добиеме довербата на повеќе значајни компании-клиенти.

Како еден од успесите на компанијата би го навеле и тоа дека Мултихем прерасна во инклузивна компанија-Заштитно друштво, која работи со лица со инвалидитет, рамноправни и еднакви со сите останати вработени, кои заедно придонесуваат во растот и развојот на компанијата. Со тоа сакаме да придонесеме во подигањето на јавната свест за потребите на лицата со инвалидитет и намалување на сите бариери за лицата со инвалидност.

Компанијата применува систем на унапредување со квалитетот базиран на ISO стандардите. Мултихем е ISO 9001, ISO 14001, ISO 22241 сертифициран. Може да се пофалиме и со IFS-HPC имплементација.



# ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

Ние, персоналот во Мултихем секогаш ви стоиме на располагање. Постојано нудиме помош и подршка, пред и по креирањето на производите. Веруваме дека само со квалитетни производи, креативна работа и веродостојност, можеме да ја добиеме довербата на клиентите.

Уште од нашето формирање, **квалитетот** е наш број еден приоритет. Со цел да ги постигнеме поставените цели се прилагодуваме спрема потребите на нашите клиенти, го следиме техничкиот и културен развој, применуваме различни формули и методи. Нашите производни операции се ISO сертифицирани.

Како дел од Мултихем функционира нашиот **развоен оддел**, кој ги следи и имплементира најновите формулации во производството и како резултат на постојаното истражување на овој тим, применуваме сопствени формули во производството на различни производи.

Тимот од хемичари кој работи во **лабораторија** за контрола на квалитет како дел од Мултихем, е нашиот број еден креатор на врвни квалитетни производи. Нивна главна цел е строга контрола на квалитет и имплементирање на ISO стандарди.

**Производниот процес** во Мултихем се одвива во целосно опремена фабрика со автоматизиран процес на полнење и пакување распространет на површина од 2000 m2. Производството се базира на целосен процес од креирање на производот од базни суровини до целосен производ во модерно пакување.

Во склоп на Мултихем работи и функционира **„МУЛТИХЕМ-АМБАЛАЖА“** оддел за производство на PET амбалажа. Оваа овозможува нашите клиенти да ја изберат формата на производната амбалажа. Откако ќе се избере, Мултихем креира матрица само за таа амбалажа (шише), кое ќе биде уникатно само за овој клиент.

# ПРОЦЕС

Процес на работа на принципот на Приватни Марки.
Мултихем стои на располагање за своите клиенти и учествува во изработката на производите.

Нудиме повеќе варијанти за еден производ, како и дизајн на амбалажа и етикета креирани од искусен и квалитетен дизајнер кој работи во склоп на МУЛТИХЕМ, од што и ќе зависи крајната цена, што значи партнерот може да избере квалитет според својата таргетна група на потрошувачи и со самото тоа да учествува во формирањето на цената. По утврдувањето на квалитетот на производите, се доставува анализа од званична институција за квалитет. Самиот овој сертификат ќе служи како мерило за параметрите на квалитет во иднина и при секакви забелешки од страна на купувачот може да се изврши повторна анализа и одстранување на недостатоците.






## ДЕТЕРГЕНТ ЗА РАЧНО МИЕЊЕ САДОВИ

**BLIC** ДЕТЕРГЕНТ ЗА МИЕЊЕ САДОВИ Е СРЕДСТВО СО ВИСОК КВАЛИТЕТ И Е НАМЕНЕТ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЗАМАСТЕНИ И НЕЧИСТИ САДОВИ, ГИ РАСТВАРА МАСНОТИИТЕ И ИМ ДАВА СЈАЈ НА САДОВИТЕ. СЕ ПРОИЗВЕДУВА ВО 500МЛ И 1Л СО РАЗЛИЧНИ БОИ И МИРИСИ.

**СОСТАВ:** 5%-15% анјонски тензиди, <5%нејонски тензиди, <5%амфотерни тензиди, парфем, конзерванс






## СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА КУЈНИ

**BLIC** КУЈНА СРЕДСТВОТО ЛЕСНО И БРЗО ГИ ОТСТРАНУВА МАСНОТИИТЕ И ДАМКИТЕ ВО КУЈНАТА. ПОГОДНО Е ЗА ЧИСТЕЊЕ НА СИТЕ ПОВРШИНИ ВО КУЈНАТА: КЕРАМИКА, ВЕШТАЧКИ МАТЕРИЈАЛИ, УЛТРАПЛАСТ, ЕМАЈЛ И ЧЕЛИК ШТО НЕ 'РЃОСУВА.

СОСТАВ: <5% нејонски тензиди, конзерванс, парфем






## WC ГЕЛ

**BLIC WC** ГЕЛОТ ЗА ЧИСТЕЊЕ ТОАЛЕТНА ШКОЛКА ПОСЕДУВА ГОЛЕМА МОЌ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА БИГОР И ДРУГИ НЕЧИСТОТИИ И ГО СПРЕЧУВА СОЗДАВАЊЕТО НА НОВИ НАСЛАГИ. ЈА ЧИСТИ И ЈА ОДРЖУВА ХИГИЕНАТА НА ВЦ-ШКОЛКАТА.

**Начин на употреба:** се нанесува од средството под работ и на страните од вц-школката и се остава да делува 2 часа или во текот на ноќта за подобри резултати. Потоа се плакне со млаз вода.

СОСТАВ: > 10% анјонски површински активни материи, > 5% нејонски активни материи, амфотерна, алкохол, парфем, конзерванс




## СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА БАЊИ

**BLIC** БАЊА СПЕЦИЈАЛНО Е ФОРМУЛИРАН ДА СО СВОЕТО СИЛНО ДЕЈСТВУВАЊЕ, ЛЕСНО И ЕФИКАСНО ГИ ОТСТРАНУВА НАТАЛОЖЕНИОТ ВАРОВНИК, Р'ЃАТА, ОСТАТОК ОД САПУН И ДРУГИ НЕЧИСТОТИИ ВО ВОДНИКОТ, КАДАТА, ТУШОТ. ПОГОДНО Е ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЕМАЈЛИРАНИ И ПЛАСТИЧНИ КАДИ, КЕРАМИКА И АРМАТУРИ.

СОСТАВ: <5% нејонски тензиди, конзерванс, парфем






## СРЕДСТВО ЗА СТАКЛО

**BLIC** СРЕДСТВОТО ЗА СТАКЛО Е НАМЕНЕТО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА СИТЕ ВИДОВИ НА СТАКЛЕНИ ПОВРШИНИ БЕЗ ДА ОСТАВА ТРАГИ . ПРОИЗВОДОТ Е НАПРАВЕН СО АЛКОХОЛ КОЕ ПОМАГА ВО РАЗЛОЖУВАЊЕТО НА ЗАМАСТЕНИТЕ ПОВРШИНИ.

**СОСТАВ:** <5% анјонски тензиди, парфем






## УНИВЕРЗАЛНО СРЕДСТВО ЗА ПОДОВИ

**BLIC** УНИВЕРЗАЛНОТО СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ПОДОВИ СО ПРИЈАТЕН И ДОЛГОТРЕН МИРИС. ЗА БЕСПРЕКОРНА ЧИСТОТА И БЛЕСКАВ СЈАЈ. ЧИСТИ ДЛАБИНСКИ И ГИ ПРАВИПОВРШИНИТЕ БЛЕСКАВО ЧИСТИ. ПРЕПОРАЧЛИВО ЗА СИТЕ ВИДОВИ ПОВРШИНИ. НЕМА ПОТРЕБА ОД ПЛАКНЕЊЕ.



**СОСТАВ:** <5% анјонски тензиди, <5% нејонски тензиди, парфем, конзерванс




## АБРАЗИВ

**BLIC** АБРАЗИВНОТО СРЕДСТВО Е НАМЕНЕТО ЗА МИЕЊЕ НА ЗАМАСТЕНИ И ЗАГОРЕНИ САДОВИ КАДЕ ОБИЧНИТЕ СРЕДСТВА НЕ ПОМАГААТ. ОВА Е ТОП ПРОИЗВОД И Е ОДЛИЧЕН ЗА ЧИСТЕЊЕ НА САНИТАРНИ ПОВРШИНИ БИДЕЈЌИ УСПЕШНО ГО ОТСТРАНУВА БИГОРОТ, А ПРИ ТОА НЕ ГИ ГРЕБЕ ПОВРШИНИТЕ.



СОСТАВ: <5% анјонски тензиди, нејонски тензиди, парфем, конзерванс






# AIR CARE СПРЕЈ ЗА ОСВЕЖУВАЊЕ ПРОСТОРИИ

ПРОИЗВОДОТ СЕ КОРИСТИ ЗА ОСВЕЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ, ОСТАВА ПРИЈАТЕН И ДОЛГОТРАЕН МИРИС, КОЈ Е ДОСТАПЕН ВО ПОВЕЌЕ ВИДОВИ И ГО ОТСТРАНУВА НЕПРИЈАТНИОТ МИРИС.

СОСТАВ: етанол, бутан, пропан, сорбитан монолит, содиум нитрат, парфем






## ЕКОНОМИЧЕН ДЕТЕРГЕНТ ЗА РАЧНО МИЕЊЕ НА САДОВИ

**DOMEO** ЕКОНОМИЧЕН ДЕТЕРГЕНТ ЗА РАЧНО МИЕЊЕ НА САДОВИ КОЈ СОДРЖИ ОДБРАНИ ПОВРШИНСКИ АКТИВНИ МАТЕРИИ КОИ СОЗДАВААТ БОГАТА ПЕНА ЗА МИЕЊЕ НА САДОВИТЕ

---

**СОСТАВ:** 5%-15% анјонски тензиди, <5%нејонски тензиди, <5%амфотерни тензиди, парфем, конзерванс






# ТЕЧЕН САПУН ЗА МИЕЊЕ РАЦЕ

**MOLLY** ТЕЧНИОТ САПУН ЗА МИЕЊЕ НА РАЦЕ СО СВОЈАТА БОГАТА И БЛАГА ПЕНА ТЕМЕЛНО ЈА ЧИСТИ И НЕГУВА КОЖАТА НА РАЦЕТЕ, ОСТАВАЈЌИ ПРИЈАТНО ЧУВСТВО. ДОСТАПЕН Е ВО ПОВЕЌЕ БОИ И МИРИСИ. ГО НУДИМЕ ВО АМБАЛАЖА ОД 400мл и 900мл

---

**СОСТАВ:** AQUA, SODIUM LAURETH SULFATE, COCAMIDE DEA, COCAMIDOPROPYL BETAINE, PROPILENE GLYKOL, SODIUM CHLORIDE, CITRIC ACID, STYRENE/ACRILATESCOPOLIMER, PARFUM, PRESERVATIVE.






## ТЕЧЕН ДЕТЕРГЕНТ ЗА АЛИШТА

**VILA** ТЕЧЕН ДЕТЕРГЕНТ ЗА МАШИНСКО ПЕРЕЊЕ НА АЛИШТА НА 30, 40, 60 СТЕПЕНИ. ОСТАВА МЕКОСТ, ПРИЈАТЕН И ДОЛГОТРАЕН МИРИС НА ВАШИТЕ АЛИШТА.

**СОСТАВ:** 5%-15% анјонски тензиди, 5%-15% нејонски тензиди, парфем, конзерванс.




## ОМЕКНУВАЧ ЗА АЛИШТА

**VILA** ОМЕКНУВАЧОТ ЗА АЛИШТА ДАВА МЕКОСТ НА АЛИШТАТА И ПРИЈАТЕН МИРИС КОЈ ДОЛГО ТРАЕ. ГО ОЛЕСНУВА ПЕГЛАЊЕТО И ГО НЕУТРАЛИЗИРА СТАТИЧКИОТ ЕЛИКТРИЦИТЕТ. ДОСТАПЕН Е ВО ПОВЕЌЕ БОИ И МИРИСИ.

---

**СОСТАВ:** 5%-15% катјонски тензиди, парфем, конзерванс.

# ВЕТРОБРАНСКО СРЕДСТВО

**ГЛАНЦ** СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ВЕТРОБРАНСКО СТАКЛО.

**ЗИМСКО** - ОБЕЗБЕДУВА ЗАШТИТА ОД ЗАМРЗНУВАЊЕ ДО -20С, ПОМАГА ВО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ТЕНОК МРАЗ ОД ШОФЕРШАЈБНАТА И СПРЕЧУВА СОЗДАВАЊЕ НА НОВ МРАЗ.

**ЛЕТНО** – УСПЕШНО ГИ ОТСТРАНУВА И НАЈТВРДОКОРНИТЕ НЕЧИСТОТИИ И ОСТАТОЦИ ОД ИНСЕКТИ, ИМА ПРИЈАТЕН МИРИС, ЛЕСНО СЕ СУШИ И НЕ ОСТАВА ТРАГИ ВРЗ СТАКЛАТА.




**СОСТАВ:** анјонски компоненти, алкохол, пафрем, боја, вода






## АВТО ШАМПОН

**ГЛАНЦ** АВТО ШАМПОНОТ Е СО ВИСОК КВАЛИТЕТ И СЕ КОРИСТИ ЗА НАДВОРЕШНО МИЕЊЕ НА АВТОМОБИЛОТ. НЕГОВАТА ФОРМУЛА ГАРАНТИРА ЛЕСНО, ТЕМЕЛНО И НЕЖНО ЧИСТЕЊЕ НА АВТОМОБИЛОТ И НЕ ЈА ОШТЕТУВА ПОВРШИНАТА. ПОГОДЕН Е ЗА МИЕЊЕ НА СИТЕ ОБОЕНИ НАДВОРЕШНИ ПОВРШИНИ МЕТАЛ, СТАКЛО, ПЛАСТИКА, ГУМА, ЦЕРАДИ, ПОРЦЕЛАН.

**СОСТАВ:** 5-15% анјонски тензиди, 5-15% нејонски тензиди, <5% амфотерни тензиди,  EDTA-Na, конзерванс






## АНТИФРИЗ

Средство против замрзнување

**ПОЛАР** АНТИФРИЗОТ ГО СПРЕЧУВА ЗАМРЗНУВАЊЕТО НА ТЕЧНОСТА ВО СИСТЕМОТ ЗА ЛАДЕЊЕ ВО АВТОМОБИЛСКИОТ МОТОР. ИМА ПОСЕБНИ АДИТИВИ ШТО СПРЕЧУВА ПОЈАВА НА КОРОЗИЈА ВО СИСТЕМОТ. ГИ ШТИТИ ЛАДИЛНИКОТ, ПУМПАТА ЗА ВОДА И КАНАЛИТЕ ЗА ЛАДЕЊЕ И ГО СПРЕЧУВА ПРЕДВРЕМЕНОТО ЗОВРИВАЊЕ НА ВОДАТА.



СОСТАВ: мониетил гликол, конзерванс, антикорозив



## АДБЛУ




**АДБЛУ** ПРЕТСТАВУВА ТЕЧНОСТ КОЈА СЕ КОРИСТИ ВО ТЕШКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА ОПРЕМЕНИ СО ДИЗЕЛ МОТОР ЧИИ СИСТЕМ ЗА ТРЕТМАН НА ИЗДУВНИТЕ ГАСОВИ РАБОТИ НА ПРИНЦИПОТ НА СЕЛЕКТИВНА КАТАЛИТИЧКА РЕДУКЦИЈА (SCR - SELECTIVE CATALYTIC REDUCTION). ОВАА ТЕЧНОСТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ОВОЗМОЖИ ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАЈРЕСТРИКТИВНИТЕ ЕВРОПСКИ НОРМИ НА EURO V И EURO VI ЕМИСИЈА НА ШТЕТНИ ИЗДУВНИ ГАСОВИ - АЗОТНИТЕ ОКСИДИ (NOX) ПРЕКУ НИВНА КОНВЕРЗИЈА ВО БЕЗОПАСНИ СОЕДИНЕНИЈА ЗА ЧОВЕКОТ И ОКОЛИНАТА КАКО ШТО СЕ АЗОТ ($N_2$) И ВОДА ($H_2O$).
ТОЈ Е СТАНДАРДИЗИРАН КАКО AUS32 (ВОДЕН РАСТВОР НА УРЕА) ВО ISO22241

**СОСТАВ:** 32,5% прочистена техничка уреа, 67,5% дејонизирана вода








## УНИВЕРЗАЛНО СРЕДСТВО ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ЧИСТЕЊЕ

**BLIC+** РАСТВОРОТ Е ГОТОВ ЗА УПОТРЕБА, ДЕЗИНФЕКЦИЈАТА СЕ ВРШИ БЕЗ РАЗРЕДУВАЊЕ. СРЕДСТВОТО СЕ РАСПРСКУВА И СЕ ПРЕБРИШУВА СО КРПА. СЕ УПОТРЕБУВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ЧИСТЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИ, ЅИДОВИ, ПОДОВИ ОД РАЗЛИЧНИ МАТЕРИЈАЛИ (ПОРЦЕЛАН, СТАКЛО, ПЛАСТИКА, ТЕКСТИЛ, ГУМА, ДРВО, КОЖА, ПРЕДМЕТИ ОД ХРОМ И НИКЕЛ). ПОСЛЕ СЕКОЕ ЧИСТЕЊЕ И ДЕЗИНФИЦИРАЊЕ ОСТАВА ПРИЈАТЕН И ДОЛГОТРАЕН МИРИС .

---

**СОСТАВ:** 100ml раствор содржи:

- Бензалкониум хлорид 0,2g
- < 5% нејонски тензиди, парфем



## MOLLY +

ANTISEPTIC гел за дезинфекција на раце со 70% алкохол




**MOLLY+** ГЕЛОТ ЗА РАЦЕ, Е ПОГОДЕН ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА РАЦЕТЕ НА ЦЕЛОТО СЕМЕЈСТВО. БИЛО КАДЕ, БИЛО КОГА ВАШИТЕ РАЦЕ КЕ БИДАТ СО СИГУРНОСТ ДЕЗИНФИЦИРАНИ, БЕЗ УПОТРЕБА НА САПУН И ВОДА. MOLLY+ ИМА ПРИЈАТНА ГЕЛ СТРУКТУРА, КОЈА ЛЕСНО СЕ НАНЕСУВА НА ВАШИТЕ РАЦЕ.

*Се нанесува 2-3 мл на чисти и суви раце со втривање, дејствува во рок од 30 секунди и не ја оштетува кожата. Остава пријатно чувство на свежина на рацете. Има силна микробиолошка ефикасност, докажана во акредотирана лабораторија. Убива до 99,9% од најчесто присутните бактерии.*

### Делува како:

• Бактерицид (E.coli, S.aureus, Koliform Bacteri, Toplam mezofilik aerobic bakteri, Salmonela spp, Pseudomaonas spp, Listeria monocytogenes)
• вируцид, (Influenza virus, Herpes simplex, SARS Co1 и др)
• фунгицид.

Лабораториска анализа бр. МБП. -20-0615

---

СОСТАВ: ethanol, carboxyvinyl, polymer, 2-amino-2-methyl-1-propanol




## MOLLY

антибактериски сапун

**MOLLY** ЕДЕН ОД НАЧИНИТЕ ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ ОД БАКТЕРИИТЕ И ВИРУСИТЕ Е ЧЕСТОТО МИЕЊЕ НА РАЦЕ.

MOLLY ТЕЧНИОТ АНТИБАКТЕРИСКИ САПУН СОДРЖИ ИДЕАЛНА КОМБИНАЦИЈА НА АКТИВНИ КОМПОНЕНТИ ПРИСПОСОБЕНИ ЗА ХИГИЕНА И НЕГА НА РАЦЕТЕ, ПРИТОА ДЕЛУВАЈЌИ АНТИБАКТЕРИСКИ. ОБЕЗБЕДУВА ДОЛГОТРАЈНА ЗАШТИТА И СО СИГУРНОСТ ГИ УНИШТУВА НАЈЧЕСТИТЕ БАКТЕРИИ КОИ СЕ СРЕЌАВААТ НА КОЖАТА.УБИВА И ДО 99.9% ОД БАКТЕРИИТЕ. ДОДАТОКОТ НА ПРОПИЛЕН ГЛИКОЛ ВРШИ ДЛАБИНСКА ХИДРАЦИЈА НА КОЖАТА, ПА ПО СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА КОЖАТА ДОБИВА ЗДРАВ И НЕГУВАН ИЗГЛЕД.

- MOLLY ги уништува бактериите и го спречува нивниот раст.
- Внимателно избалансираната pH вредност и оптималната количина пропилен глокол ја штитат кожата од сушење
- Со пријатен мирис

**СОСТАВ:** AQUA, SODIUM LAURETH SULFATE, COCAMIDE DEA, COCAMIDOPROPYL BETAINE, PROPILENE GLYKOL, SODIUM CHLORIDE, CITRIC ACID, PARFUM, THRICLOSAN, PRESERVATIVE




## MULTISTAF

Раствор за дезинфекција

*ЗАШТО СЕ КОРИСТИ MULTISTAF 0,2%
-РАСТВОРОТ Е ГОТОВ ЗА УПОТРЕБА, ДЕЗИНФЕКЦИЈАТА СЕ ВРШИ БЕЗ РАЗРЕДУВАЊЕ. СЕ УПОТРЕБУВА НА СИТЕ ВИДОВИ ПОВРШИНИ(ПОРЦЕЛАН, СТАКЛО, ПЛАСТИКА, ТЕКСТИЛ, ГУМА, ДРВО, КОЖА, ПРЕДМЕТИ ОД ХРОМ И НИКЕЛ). СЕ УПОТРЕБУВА ВО ДОМАЌИНСТВОТО, ХУМАНАТА И ВЕТЕРИНАРНАТА МЕДИЦИНА, ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА, УГОСТИТЕЛСТВОТО, ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ХИГИЕНА.

---

*Микробиолошка ефикасност на MULTISTAF 0,2%
-Катјонско средство за дезинфекција, бактерицид, фунгицид и вируцид. Со потврдено бактерицидно дејство во акредитирана лабораторија.(*Salmonella spp.,*Staph.aureus ,*Listeria monocytogenes,
*Колиформни бактерии,*Esherichia coli (E.coli),итн)
Активната компонента во MULTISTAF 0,2% (бензалкониум хлорид) има потврдено дејство против новиот вирус SARS CoV2.

---

**СОСТАВ:** Бензалкониум хлорид 0,2 г




## MULTISTAF 5%

Концентрат за дезинфекција

СЕ УПОТРЕБУВА РАЗРЕДЕН СО ВОДА ВО ОДРЕДЕНИ КОНЦЕНТРАЦИИ

| За концентрација на раствор | Средство во (ml) | Вода во (ml) |
|---|---|---|
| 0,1 | 20 | 980 |
| 0,2 | 40 | 960 |
| 0,3 | 60 | 940 |
| 0,4 | 80 | 920 |
| 0,5 | 100 | 900 |
| 1 | 200 | 800 |

# МУЛТИСЕПТ ФОРТЕ

Упатство за употреба на МУЛТИСЕПТ ФОРТЕ
(30-35g/l активен хлор)

Се употребува разреден со вода во одредени концентрации и температури во зависност од видот на материјалот, нечистотијата и загаденоста од патогени материи.

| За концентрација на раствор | Средство во (ml) | Вода во (ml) |
|---|---|---|
| 1 | 100 | 900 |
| 2 | 200 | 800 |
| 4 | 400 | 600 |
| 6 | 600 | 400 |




**Чистењето и дезинфекцијата се врши со:**

**Премивање**

- Со 2% раствор на МУЛТИСЕПТ ФОРТЕ со времетраење од 1 час на собна температура, се премиват разни инструменти, опрема и други апарати

**Потопување**

- Во 2% раствор на МУЛТИСЕПТФОРТЕ во времетраење од 30мин на температура од 40-50С се потопуваат загадени инструменти, лабораториски прибор и апарати
- Во 3% раствор на МУЛТИСЕПТ ФОРТЕ во времетраење од 30мин, на температура од 50-70С се потопуваат апарати од стакло и метал, загадени со цврсти засушени нечистотии
- 1%-2% раствор на МУЛТИСЕПТ ФОРТЕ се користи за пребришување на ѕидови и подови

МУЛТИСЕПТ ФОРТЕ не нагризува гуми, пластика, стакло и метали, не е корозивен, со вода лесно се отстранува од третираните површини

**MULTIHEM**
PRIVATE LABEL DETERGENTS

**Мултихем** креира повеќе од 10 години во областа на Приватни Марки за реномирани компании од Европа, локални дистрибутерски компании и ланци на маркети. Наши клиенти се ланци на маркети и големи дистрибутерски компании кои опслужуваат независни пазари и веледрогерии во балканскиот и европскиот регион. Преговараме со нови дистрибутери бидејќи гледаме голем потенцијал за извоз во европските земји и пошироко во блиска иднина.

## IILIRIJA INTERNATIONAL • Словенија




## VGS • Франција




## OLGERIDIN • Исланд




## GRADIENT • Русија



MULTIHEM

PRIVATE LABEL DETERGENTS

www.multihem.com